# FORMALISM IN MACEDONIAN CONTRACT LAW

**Shpresa Alimi-Memedi**
University of Tetovo, Faculty of Law, Tetovo, Republic of Macedonia, shpresa_halimi@hotmail.com

**Abstract:** According to the principle of autonomy of will, regarding the form of the contract, contracting parties are free in the way of expressing their will. Under this principle they should not be bound by the fulfillment of a predetermined legal form of the contract.
The application of the principle of autonomy of will in the form of contract is reflected in the existence of the principle of consensualism. Consensualism implies that contracts are created by a mere consent of the will of the contracting parties, which can be expressed in words or in writing, or with other behavior from which its existence can certainly be concluded. The Law on Obligations of the Republic of Macedonia, as a general law, in principle adopts principle of consensualism, while the principle of formalism is an exception. Exceptions are provided by the Law on Obligations and other special Macedonian laws.
Under the principle of formalism, the form of the contract as a means of expressing the consent of the will of the parties is a legally determined imperative. Through formalism, the autonomy of the will is limited in terms of freedom of choosing the form of contract.
This paper also leads us to the purpose and function of applying the limitations on freedom of form in contractual relations in general. Today, positive laws experience a „renaissance of formalism", which means that laws increasingly determine contracts that need to be concluded in a certain form, sanctioned with nullity for its disregard, for the needs of legal certainty and the protection of individual and public interest.
**Keywords:** freedom of contract, freedom of form, consensualism, formalism.

# ФОРМАЛИЗМОТ ВО МАКЕДОНСКОТО ДОГОВОРНО ПРАВО

**Шпреса Алими-Мемеди**
Универзитет во Тетово, Правен Факултет, Тетово, Република Македонија
shpresa_halimi@hotmail.com

**Апстракт:** Според начелото на автономија на волјата, од гледна точка на формата на договорот, договорните страните се слободни во однос на начинот на изразување на својата волја. Според ова начело тие не треба да бидат врзани со исполнување на однапред законски одредена форма на договорот. Применувањето на начелото на автономија на волјата во формата на договорот се одразува во постоењето на начелото на консенсуализам. Консенсуализмот подразбира дека договорите настануваат со едноставна согласност на волјата на договорните страни, која може да биде изразена усмено, писмено или со друго однесување од кое со сигурност може да се заклучи за нејзиното постоење. Законот за облигационите односи на Република Македонија, како општ закон, во принцип го усвојува начелото на консенсуализам, додека начелото на формализам е исклучок. Исклучоците се предвидени со Законот за облигационите односи и други посебни македонски закони. Според начелото на формализам, формата на договорот како средство за изразување на согласноста на волјата на страните е законски утврден императив, кој бара од нив строго почитување. Преку формализмот се ограничува автономијата на волјата во однос на слободата на избор на формата на договорот.
Овој труд, исто така, нè води до целта и функцијата на примена на ограничувањата на слободата на форма воопшто во договорните односи. Денес, позитивните права доживуваат „ренесанса на формализмот", што значи дека законите се повеќе ги одредуваат договорите што треба да се склучуваат во одредена форма, санкционирано со ништовност за нејзино непочитување, за потребите на правната сигурност и заштитата на индивидуалниот и јавниот интерес.
**Клучни зборови:** слобода на договарање, слобода на форма, консензуализам, формализам.

## 1. ВОВЕД

Начелото на автономијата на волјата во граѓанското право подразбира дека правните субјекти со своја волја ги создаваат, ги модифицираат и ги гасат нивните субјективни права. Ова начело во договорното право се изразува преку начелото на слобода на договарање. Начелото на слобода на договарање се состои од повеќе

слободи или од поединечни права за секоја од договорните страни[212] : договорните страни самостојно и со слободна волја одлучуваат дали воопшто ќе засноваат договорен однос, со кого ќе го засноваат, со каков вид на договор и со каква содржина, во која форма, исто така имаат слобода за уредување на дејството на договорот, слобода на избор на меродавното право за договорот, слобода да се избере начинот на решавање на спорови што произлегуваат од договорот. Од сите овие слободи во содржината на слободата на договарање, четири се основни: слобода на склучување на договор, слобода на обликување или одредување на содржината на договорот, слобода на избор на формата на договорот и слобода на прекинување на договорот. Слободата на форма значи дека обврзувачкиот карактер на договорот не може да зависи од придржување кон некоја посебна договорна форма.

Примената на начелото на автономија на волја во форма на договор се рефлектира во постоењето на начелото на консензуализам. Начелото на консенсуализам и формализам се два традиционални начела на договорното право, од кои во нашето договорно право доминира начелото на консенсуализам според кое склучувањето договор не и подлежува на одредена форма, освен ако со закон поинаку не е определено.[213] Според ова начело договорите настануваат со едноставна согласност на волјата на договорните страни[214], која може да биде изразена усмено, писмено или со друго однесување од кое со сигурност може да се заклучи за нејзиното постоење.[215] Предмет на нашиов труд е начелото на формализам според кој „формата на договорот, како начин на постигнување и изразување на согласноста на волјите на договорните страни е со закон утврден императив, кој од нив бара да биде строго почитуван“ ... „можноста за отстапување и избор на некоја друга форма не постои.“[216] Волјата на страните во однос на формата на договорот ако постои е ирелевантна и наместо волјата постои должноста да се почитува однапред утврдената форма со закон.[217]

## 2. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗБОР НА ФОРМАТА НА ДОГОВОРОТ

Договорот се склучува во општествена група која има свои општи императиви. На слободата на волјата во договорното право и се спротивставуваат општите правила на општествениот поредок.[218] Покрај општите граници на автономијата на волјата на договорните страни постојат и посебни граници кои се појавуваат преку императивните прописи во различни области на облигационото право и за различни појавни облици на слободата на договарање .[219] Кај сите појавни облици на автономија на волјата на договорните страни може да се применуваат и општите и посебните граници.[220] Формализмот претставува граница на слободата на договарање во однос на слободата на избор на формата на склучување на договорот. Невозможно е да се набројат сите закони кои содржат одредби за ограничување на слободата на избор на формата, бидејќи кругот на тие закони е многу широк.[221] Ние ќе ги истакнеме границите предвидени со ЗОО, како општ закон, и одредени специјални македонски закони.

## 3. КОНСЕНСУАЛИЗМОТ И ФОРМАЛИЗМОТ ВО ЗОО

Од гледна точка на формата на договорот, според начелото на автономија на волјата договорните страни се слободни во однос на начинот на изразување на својата волја. Начинот на склучување на договорите е во

---

[212] Borovac, Jelena: Ograničenja autonomije volje poklonodavca kod ugovora o poklonu, Pravni Život: časopis za pravnu teoriju i praksu, Broj 5-6/2008, Godina LVII, Knjiga 517, Beograd, стр. 184.
[213] Чл. 59, ст. 1, Закон за облигационите односи, „Службен весник на Република Македонија“, бр. (18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09), во понатамошниот текст ЗОО.
[214] Чл. 18 ЗОО: „Договорот е склучен кога договорните страни се спогодиле за суштествените состојки на договорот. “
[215] Чл. 20, ст. 1, ЗОО.
[216] Галев, Гале: Формализмот во римското и нашето договорно право, Зборник во чест на Иво Пухан, Скопје, 1996, стр. 117.
[217] Ibid.
[218] Чл. 3 ЗОО: „Учесниците во прометот слободно ги уредуваат облигационите односи во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи. “
[219] Perović, Slobodan: Sloboda volje i ugovorno pravo, Pravni Život: časopis za pravnu teoriju i praksu, broj 11, Godina LVI, Knjiga 511, Beograd, 2007, стр. 729.
[220] Gavrilović, Nenad: Legal autonomy and its limits in Macedonian Law of Obligations: with particular reference to special laws, Civil Law Forum for South Est Europe, Collection of studies and analyses, Skopje, 2014, стр. 384-385.
[221] Ibid, стр. 385.

диспозиција на страните, така да според чл. 59, ст. 1: „Договорот може да биде склучен во која и да било форма, освен ако со закон поинаку не е определено." Од чл. 59, ст. 1 од ЗОО, со реченицата „... ако со закон не се предвидува нешто друго ...", се подразбира дека со закон во одредени случаи се одредува договорот да се склучи во определена форма. Формата определена во овој случај е суштествен елемент на договорот. Кога договорот по барање на законот треба да се склучи во законска форма, според чл. 59, ст. 2 од ЗОО, ова барање важи и за сите подоцнежни измени или дополнувања на договорот. Од ова правило има две исклучоци. Во првиот случај, на чл. 59, ст. 3 од ЗОО: „Полноважни се подоцнежните усни дополнувања за споредните точки за кои во формалниот договор не е речено ништо, доколку тоа не и е спротивно на целта заради која е пропишана формата." Во вториот случај, според ст. 4 од истиот член: „Полноважни се и подоцнежните усни спогодби со кои се намалуваат или олеснуваат обврските на едната или другата страна, ако посебната форма е пропишана само во интерес на договорните страни." Изразот „усни" подразбира постигнување на согласноста во поинаква форма од онаа што е определена со Законот, согласност која ќе биде правосилна со исполнување на условите: „... доколку тоа не е спротивно на целта заради која е пропишана формата" и „... ако посебната форма е пропишана само во интерес на договорните страни. Со овие два исклучока доаѓа до израз автономијата на волјата на договорните страни во случај на склучување формални договори. Оваа автономија кај формалните договори доаѓа до израз и во случај на раскинување на договорот. Според чл. 60 од ЗОО: „Формалните договори можат да бидат раскинати со неформална спогодба, освен ако за определениот случај со закон е предвидено нешто друго или ако целта поради која е пропишана формата за склучување на договорот бара раскинувањето на договорот да биде извршено во истата форма." Според чл. 61, ст. 2 од ЗОО: „Договорот за чие склучување е договорена посебна форма може да биде раскинат, дополнет или на друг начин изменет и со неформална спогодба." Исто така кога е извршен договорот на кој му недостига форма, ЗОО во чл. 65 предвидува: „Договорот за чие склучување се бара писмена форма) се смета за полноважен иако не е склучен во таа форма ако договорните страни ги извршиле, во целост или во поголем дел, обврските што настануваат од него, освен ако од целта поради која е пропишана формата очигледно не произлегува нешто друго." Последните четири одредби од ЗОО претставуваат начини за ублажување на ригидноста на формата во формалните договори.[222]

## 4. ДОГОВОРНА И ЗАКОНСКА ФОРМА

Според начинот на настанување формата на договорот може да биде договорна и законска. Договорните страни можат да се согласат изјавата на волјата да ја направат во одредена форма, така што договорот ќе ги произведува саканите правни последици само ако се склучи во одредена форма.[223] Таканаречената договорна форма која се предвидува со чл. 61, ст. 1 од ЗОО предвидува: „Договорните страни можат да се спогодат посебната форма да биде услов за полноважноста на нивниот договор." Според ова можеме да потврдиме дека нивниот договор ќе биде полноважен ако се склучи во договорената форма. Без таква спогодба, договорот може да се склучи во која и да било форма. Според Поп Георгиев: „... ако договорот треба да се склучи во законска форма, не е потребно договорачите да ја договарат одредената форма, бидејќи тие или треба да ја договарат истата форма која ја определува законот или другата форма која е во спротивност со законот. Во вториот случај договорот ќе биде спротивен на законот и нема да произведува правни последици."

Денес позитивните права се повеќе одредуваат договори кои треба да се склучуваат во одредена форма (законска форма), под закана на ништовноста за неговото непочитување, поради потребата за правна сигурност и заштита на општествениот интерес.[224] Согласно со ЗОО, следниве договори треба да се склучат во писмена форма: договорот за продажба на недвижни предмети[225], договорот за продажба со отплата на цената на рати[226], договорот за дар[227], договорот за ортаклак[228], договорот за градење [229], договорот за лиценца[230], договорот за трговско застапување[231], договорот за алотман[232], договорот за осигурување[233],

[222] Галев, Гале: op. cit., стр. 127.
[223] Поп Георгиев, Димитар: Облигационо право, Скопје: Култура, 1985, стр. 167.
[224] Loza, Bogdan: Obligaciono pravo (opšti dio), Sarajevo: Dom štampe, 1981, стр. 89.
[225] Чл. 443, ст. 1, ЗОО.
[226] Чл. 531 ЗОО.
[227] Чл. 556, ст. 1, ЗОО.
[228] Чл. 668, ст. 1, ЗОО.
[229] Чл. 649, ст. 2 ЗОО.
[230] Чл. 743 ЗОО.

договорот за отстапување на имот за време на живот[234], договорот за доживотна издршка[235], договорот за банкарска тековна сметка[236], договорот за кредит[237], договорот за кредит врз основа на залог на хартии од вредност[238], договорот за акредитив[239] и банкарска гаранција[240].

**5. ФОРМАЛИЗМОТ ВО ПОСЕБНИ ЗАКОНИ**

Невозможно е да се набројат сите закони кои содржат одредби за ограничување на слободата на избор на формата, бидејќи кругот на тие закони е многу широк. Ние ќе ги истакнеме некои случаи на формалност на договорите во различни правни области, со што ќе се утврди местото на формализмот во македонското договорно право. На пр., според Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредит[241], договорот за потрошувачки кредит мора да се склучи во писмена форма[242]; во Законот за трговски друштва, договор за друштвото се склучува во писмена форма[243]. Кај поедини облици на трговски друштва потребна е и јавно заверена документација. Таков е случајот и со договорот за основање јавно трговско друштво[244]; според Законот за установи[245] формален е и договорот за заедничко основање на установата, со оглед на тоа што на овој договор се применуваат одредбите на ЗОО за договорот за партнерство[246]; формален е и административниот договор кој се склучува меѓу установата и надлежното министерство[247]. Формални се и договорите за користење и располагање со јавните средства и ресурси во интерес на јавноста, во извршувањето на јавните услуги и при користење на јавните средства.[248] Според Законот за земјоделско земјиште[249], договорот за закуп со избраниот понудувач, министерот го склучува во писмена форма. Според Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории[250] на Република Македонија, договорот за продажба и договорот за закуп на деловниот простор се склучува во писмена форма. Според Законот за концесии и јавното приватно партнерство[251]: „Договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување јавно приватно партнерство го потпишува концедентот, односно јавниот партнер и избраниот најповолен понудувач."[252] Формални се и договорите за концесија на јавни добра, како што се договорот за концесија за вода, договорот за концесија на дивиот свет, договорот за концесија на право на риболов, договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини, и др.. Прометот со авторското право и сродните права, кој може да биде конститутивен и транслативен и се

---

[231] Чл. 847 ЗОО.
[232] Чл. 942 ЗОО.
[233] Чл. 957, ст. 1, ЗОО.
[234] Чл. 1022 ЗОО.
[235] Чл. 1029 ЗОО.
[236] Чл. 1092 ЗОО.
[237] Чл. 1105 ЗОО.
[238] Чл. 1109 ЗОО.
[239] Чл. 1111, ст. 2, ЗОО.
[240] Чл. 1122 ЗОО.
[241] „Службен весник на Република Македонија", бр. (51/11, 145/15 и 23/16), во понатамошниот текст: ЗЗППК.
[242] Чл. 10, ст. 1, ЗЗППК.
[243] Чл. 22, ст. 2, „Службен весник на Република Македонија", бр. (28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 08/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 06/16, 30/16 и 61/16), во понатамошниот текст: ЗТД.
[244] Чл. 112, ст. 2, ЗТД: „Потписите на содружниците на договорот за друштвото се заверуваат кај нотар. "
[245] „Службен весник на Република Македонија", бр. (32/05, 120/05 и 51/11), во понатамошниот текст: ЗУ.
[246] Чл. 19, ст. 3 и 4, ЗУ.
[247] Чл. 25, ст. 3, ЗУ.
[248] Gavrilović, Nenad: op. cit., стр. 388-389.
[249] Чл. 30, „Службен весник на Република Македонија", бр. (.135/07, 18/11, 42/11. 148/11, 95/12, 164/13, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16).
[250] Чл. 9, „Службен весник на Република Македонија", бр. (13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 06/16).
[251] „Службен весник на Република Македонија", бр. (06/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), во понатамошниот текст: ЗКЈПП.
[252] Чл. 40, ст. 1, ЗКЈПП.

постигнува со склучување на договори за авторски права, го регулира Законот за авторското право и сродните права[253]. Авторските договори се формални и во однос на нив се пропишува изрична ништовност во случаи на непочитување на формата на договорот.[254] Во однос на правата од индустриска сопственост, прометот на овие права може да биде конститутивен (договор за лиценца) или транслативен (договор за пренос на права). Транслативниот пренос го регулира Законот за индустриска сопственост[255], а договорот за лиценца детално е регулиран со ЗОО, а ЗИС содржи само некои општи одредби. Договорот за пренос на правата од индустриска сопственост мора да биде склучен во форма на јавно заверен документ[256], од друга страна договорите за лиценца, тие мораат да бидат склучени во едноставна писмена форма[257].[258]

## 6. ПРИЧИНИ И ФУНКЦИИ НА ФОРМАЛИЗМОТ ВО ДОГОВОРНОТО ПРАВО

Во ЗОО им се дава предност на консенсуалните и неформалните договори, кои во современиот стоковно-паричен промет се ефикасен инструмент на тој промет, за разлика од формалните договори кои наместо потреба на прометот стануваат кочница за негово брзо и ефикасно одвивање.[259] Причините поради кои законодавецот отстапува од начелото на консенсуализам или автономијата на страните во однос на определување на формата на договорот, кои може да ги определиме и како добри страни на формата, имаат две основни функсии: заштитна и доказна.[260] Заштитната функција се однесува на заштитата на поединечните интереси и јавниот интерес: формата ги штити договорните страни од моменталното одлучување без соодветно расмизлување за последиците на договорот; преку формата на договорот се прецизира содржината или правата и обврските од договорот; формата ја буди правната свест кај договорните страни[261] и на тој начин избегнува маани на волјата кај договорните страни (заблуда, измама или присила)[262]; преку формата полесно и појасно може да се разликува фазата на преговарање од фазата на склучување на договорот која овозможува полесно да се утврди моментот на склучување на договорот[263], како и она за што е постигната согласност.

Што се однесува на заштитата на јавниот интерес, формата овозможува и сигурност на правниот промет, а оттука и сигурност на правниот поредок на земјата[264] бидејќи преку формата на договорот општествената заедница спроведува контрола на почитување на законите во однос на склучување на одредени договори (особено оние со кои се врши прометот на одредени ствари) .[265]

Доказната функција е значајна од гледна точка на поединечниот и јавниот интерес. Формата овозможува доказ за постоењето на договорот, неговата содржина и правното дејство, а со тоа ги спречува евентуалните спорови, а во случај на спор, ги олеснува судските постапки.[266]

---

[253] „Службен весник на Република Македонија“, бр. (115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), во понатамошниот текст: ЗАПСП.
[254] Чл. 65, ст. 2, ЗАПСП.
[255] „Службен весник на Република Македонија“, бр. (21/09, 24/11, 12/14, 41/14. 152/15 и 53/16), во понатамошниот текст: ЗИС.
[256] Чл. 271, ст. 2, ЗИС.
[257] Чл. 272, ст. 2, ЗИС и чл. 743 ЗОО.
[258] Gavrilović, Nenad: op. cit., стр. 390.
[259] Галев, Гале: op. cit., стр. 123, Поп Георгиев, Димитар: op. cit., стр. 162.
[260] Pušac, Jovana: Forma obligacionih ugovora, Godišnjak Fakulteta Pravnih Nauka, God. 4, br. 4, Banja Luka, 2014, стр. 214.
[261] Aranđelović, Dragoljub: O formalnim izjavama volje, Beograd, 1911, стр. 7, цитирано во Pušac, Jovana: op. cit., стр. 214.
[262] Галев, Гале: op. cit., стр. 123.
[263] Утврдување на моментот на склучување договор е важен во случај на спор со цел да се види што од спогоденото е дел од конечниот договор, како и дали воопшто договорот е склучен. Perović, Slobodan: Formalni ugovori u građanskom pravu, Beograd: Naučna knjiga, 1964, стр. 39.
[264] Perović, Slobodan: Formalni ugovori u građanskom pravu, стр. 125.
[265] Државата е заинтересирана за водење јавна евиденција на прометните односи со цел да се обезбеди правна сигурност и со цел да се остварат фискалните интереси. Pušac, Jovana: op. cit., стр. 214.
[266] Pušac, Jovana: op. cit., стр. 214-216.

**7. ЗАКЛУЧОК**

Како во современото, така и во македонското договорно право формализмот доживува „ренесанса", но не во смисла на повторна појава на формализмот како начело на договорното право. Според Перович, што се однесува до односот меѓу консенсуалните и формалните договори, кој беше означен како правило и исклучок, денес тој однос се движи во насока на заемна рамнотежа. Одреден формализам е неопходен, бидејќи според Перович, тој е израз и потреба за поголема правна сигурност во сложени општествени односи каде формата се јавува како рационално средство на правната техника што ги штити одделните интереси, особено општествените.

И покрај бројните формални договори во македонското право, начелото на консенсуализам не може да се негира и се уште е основно начело на договорното право со практична и морална вредност, додека формалните договори се исклучок од тоа начело и постојат само ако се изречно предвидени.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Aranđelović, Dragoljub: O formalnim izjavama volje, Beograd, 1911.
[2] Borovac, Jelena: Ograničenja autonomije volje poklonodavca kod ugovora o poklonu, Pravni Život: časopis za pravnu teoriju i praksu, Broj 5-6/2008, Godina LVII, Knjiga 517, Beograd.
[3] Gavrilović, Nenad: Legal autonomy and its limits in Macedonian Law of Obligations: with particular reference to special laws, Civil Law Forum for South Est Europe, Collection of studies and analyses, Skopje, 2014.
[4] Loza, Bogdan: Obligaciono pravo (opšti dio), Sarajevo: Dom štampe, 1981.
[5] Perović, Slobodan: Formalni ugovori u građanskom pravu, Beograd: Naučna knjiga, 1964.
[6] Perović, Slobodan: Obligaciono pravo (Knjiga prva), Beograd: Službeni list SFRJ, 1973.
[7] Perović, Slobodan: Sloboda volje i ugovorno pravo, Pravni Život: časopis za pravnu teoriju i praksu, broj 11, Godina LVI, Knjiga 511, Beograd, 2007.
[8] Поп Георгиев, Димитар: Облигационо право, Скопје: Култура, 1985.
[9] Pušac, Jovana: Forma obligacionih ugovora, Godišnjak Fakulteta Pravnih Nauka, God. 4, br. 4, Banja Luka, 2014.
[10] Галев, Гале: Формализмот во римското и нашето договорно право, Зборник во чест на Иво Пухан, Скопје, 1996.
[11] Закон за авторското право и сродните права, „Службен весник на Република Македонија", бр. (115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16).
[12] Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредит, „Службен весник на Република Македонија", бр. (51/11, 145/15 и 23/16).
[13] Закон за земјоделско земјиште, „Службен весник на Република Македонија", бр. (135/07, 18/11, 42/11. 148/11, 95/12, 164/13, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16).
[14] Закон за концесии и јавното приватно партнерство, „Службен весник на Република Македонија", бр. (06/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15).
[15] Закон за облигационите односи, „Службен весник на Република Македонија", бр. (18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09).
[16] Закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории, „Службен весник на Република Македонија", бр. (13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 06/16).
[17] Закон за трговски друштва, „Службен весник на Република Македонија", бр. (28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 08/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 06/16, 30/16 и 61/16).
[18] Закон за установи, „Службен весник на Република Македонија", бр. (32/05, 120/05 и 51/11).
[19] Законот за индустриска сопственост, „Службен весник на Република Македонија", бр. (21/09, 24/11, 12/14, 41/14. 152/15 и 53/16).